**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ**

**ISSN-1857-9779**

# БИЛТЕН

НА

УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

**Број 1343**

Скопје, 15 декември 2025 година

**Издание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

**Бул. „Гоце Делчев“ бр. 9, 1000 Скопје**

**Првиот број на Билтенот е објавен во мај 1957 година**

**Уредник на издавачката дејност на УКИМ:**
**проф. д-р Биљана Ангелова, ректор**

**Уредник на Билтенот:**
**Илија Богоевски**

**Лектор:**
**Весна Илиевска-Цветановска**

**Техничко уредување:**
**Зоран Кордоски**

# СОДРЖИНА НА БИЛТЕН БРОЈ 1343 ОД 15 ДЕКЕМВРИ 2025 ГОДИНА

**ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ**

**1.** Преглед на одобрена тема за изработка на докторска дисертација (**м-р Наташа Малијанска Андреевска**)........................................................................................6

2. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Астрит Лога, Влатко Стојмановски, Атифет Муареми, Марија Нашуловска**).........................................7

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

**1.** Рецензија на ракописот **Анализа на финансиски извештаи** од авторот **проф. д-р Зоран Миновски**..........................................................................................................8-12

2. Преглед на одобрена тема за изработка на докторска дисертација (**м-р Светлана Завојчевска**)..........................................................................................................13

3. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Благојче Николоски, Јована Китанчев, Леона Јовановска**)..................................................14

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научните области: интерна медицина, геријатрија, клиничко-болничка и општа здравствена нега и ревматологија, на Медицинскиот факултет во Скопје (**вонр. проф. д-р Дејан Спасовски**)..................................................................................15-36

2. Реферат за избор на 2 наставника во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научната област гинекологија и акушерство на Медицинскиот факултет во Скопје (**вонр. проф. д-р Јадранка Георгиевска, вонр. проф. д-р Ана Данева Маркова**).....................................37-84

3. Реферат за избор на едно лице во сите научни звања по предметите од научните области: хирургија, клиничко-болничка и општа здравствена нега и урологија, на Медицинскиот факултет во Скопје (**в. н. сор. д-р Огнен Ивановски**).............................85-99

4. Реферат за избор на едно лице во сите научни звања по предметите од научните области: социјална медицина, социјална медицина во јавно здравје и здравствен менаџмент, на Медицинскиот факултет во Скопје (**в. н. сор. д-р Данче Гудева Никовска**)................................100-113

5. Реферат за избор на двајца асистенти по предметот Физиологија, на Медицинскиот факултет во Скопје (**ас. д-р Михаела Несторова Бражанска, ас. д-р Биљана Спиркоска Вангеловска**)..............................................................................114-119

6. Реферат за избор на еден асистент по предметот Онкологија со радиотерапија, на Медицинскиот факултет во Скопје (**д-р Валентина Бојовска Трајановска**).................................120-123

7. Реферат за избор на асистент по предметот Инфективни болести, на Медицинскиот факултет во Скопје (**ас. д-р Билјана Петреска**)...................................124-127

8. Реферат за избор на еден асистент по предметот Имунологија, на Медицинскиот факултет во Скопје (**ас. д-р Тамара Савевска Милановска**)..................................................................................128-131

**9.** Рецензија за оцена на докторската дисертација **Компаративна студија за ефектите на дексмедетомидинот употребен во реконструктивната и пластична хирургија** од **д-р Александар Михаил Кишман**, пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје.....................................................................................................................132-146

**10.** Рецензија за оцена на докторската дисертација **Третман на афективните растројства со примена на Neurofeedback-метода** од **ас. д-р Александар Ристески**, пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје........................................................147-154

11. Рецензија за оцена докторската дисертација **Гестациски дијабетес мелитус и фактори на ризик за негова појава** од **д-р Катерина Станкова Нинова** пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје.....................................................................155-165
12. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Споредба на влијанието на кусите и долгите анестезии со севофлуран врз серумските вредности на неврон-специфичната енолаза (NSE) и S100-протеинот кај педијатриски пациенти** од **д-р Васко Демјански**, пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје....................................166-179
13. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Еднаквост при здравствена заштита на лица со хронични незаразни заболувања** од **д-р Светлана Поповска Кљусева**, пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје.....................................................................180-188
14. **Приговор** од **д-р Бисера Николовска**, на објавениот Реферат за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научните области: хирургија, клиничко- болничка и општа здравствена нега и пластична хирургија на Медицинскиот факултет во Скопје, објавен во Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје бр. 1342 од 1.12.2025.....................................................................189-190
15. **Одговор** од Рецензентската Комисија, на Приговорот од н. сор. д-р Бисера Николовска, на Рефератот за избор на еден наставник во сите наставно- научни звања по предметите од наставно-научните области: хирургија, клиничко-болничко и општа здравствена нега и пластична хирургија на Медицинскиот факултет во Скопје, објавен во Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје бр. 1342 од 1.12.2025.....................................................................191-193

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“**

**1.** Преглед на одобрена тема за изработка на докторска дисертација (**м-р Елиф Хоџа Ќорбајрам**).....................................................................194

**ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ**

**1.** Рецензија за оцена на докторската дисертација **Анализа на конвергенција на современи градиентни методи за оптимизација** од **м-р Филип Николовски,** пријавена на Природно-математичкиот факултет во Скопје.....................................................................195-202
**2.** **Исправка** на техничка грешка (во делот на потписите на члeновите на рецензентската Комисија) во рецензијата за оцена на докторската дисертација **Стратегиски основи за развој на туризмот во градовите на Косово** од кандидатот **м-р Фатон Шерифи**, објавена во Билтен број 1342 од 1.12.2025 година.....................................................................203

**СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ**

**1.** Рецензија за оцена на докторската дисертација **Евалуација на напрегањата и деформациите кај имплант-потпрени покровни протези со методот на конечни елементи** од **д-р Мимоза Сулејмани**, пријавена на Стоматолошкиот факултет во Скопје..........................204-210
2. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Дентоалвеоларно периоперативно менаџирање на крвавење кај пациенти со тромбоцитна хипоагрегабилност и пациенти кои примаат орална антикоагулациона и антиагрегациона терапија** од **д-р Шкипоње Гаши,** пријавена на Стоматолошкиот факултет во Скопје.....................................................................211-220

**ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИ ФАКУЛТЕТ**

**1.** Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Драгана Андоновски, Катерина Димитровска, Калина Анастасова**).....................................................................221

**ФАКУЛТЕТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ**
**1.** Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научното подрачје хуманистички науки (6), научно поле: уметности (6.04), научно потполе: драмски и аудиовизуелни уметности (6.04.02), област: 6.04.02.05 – театрологија (историја на светската драма и театар), на Факултетот за драмски уметности во Скопје (**вонр. проф. д-р Деспина Ангеловска**)........................................222-236

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЛИКОВНИ УМЕТНОСТИ**
**1.** Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Владимир Симеонов, Пале Јовановска**)........................................237

**ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ**
**1.** Рецензија на докторската дисертација од областа на музичката интерпретација на делата **Миса бр. 1 во F-dur, D 105 и Миса бр. 2 во G-dur, D 167** од **Франц Шуберт** и теорискиот труд **„Универзитетски студентски хорови vs. хорови на студентите на факултетите за музичка уметност“** од **м-р Агона Чупи**, пријавена на Факултетот за музичка уметност во Скопје........................................238-241
2. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Ангела Николовска, Сиарта Мехмети, Леотрим Зејнула**)........................................242-243

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**
**1.** Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Маја Басаровска, Слободан Стојкоски, Лидија Милева**)........................................244

**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“**
**1.** Реферат за избор на виш лектор по француски јазик, на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје (**м-р Анита Кузманоска**)........................................245-256

**ФАКУЛТЕТ ЗА ШУМАРСКИ НАУКИ, ПЕЈЗАЖНА АРХИТЕКТУРА И ЕКОИНЖЕНЕРИНГ „ХАНС ЕМ“**
**1.** Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научната област пејзажна архитектура (4.01.06.01), на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ – Скопје (**ас. д-р Викторија Брндевска Стипановиќ**)........................................257-281

**ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ**
**1.** Преглед на одобрена тема за изработка на магистерски труд (**Тања Дамјановска**)........................................282

**ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА**
**1.** Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Сара Цветковска, Софија Стефановска**)........................................283

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ПО ПРЕДМЕТИТЕ ОД НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ *ПЕЈЗАЖНА АРХИТЕКТУРА* (4.01.06.01) НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ШУМАРСКИ НАУКИ, ПЕЈЗАЖНА АРХИТЕКТУРА И ЕКОИНЖЕНЕРИНГ „ХАНС ЕМ“ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ – Скопје, објавен во дневните весници „Нова Македонија“ (стр. 18) и „Коха“ („Koha“) (стр. 20) на 27.10.2025 година, за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научната област *пејзажна архитектура* (4.01.06.01), и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-369/2, донесена на 26.11.2025 година, формирана е Рецензентска комисија во состав од: проф. д-р Влатко Андоновски, редовен професор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“, проф. д-р Саша Орловиќ, редовен професор на Универзитетот во Нови Сад, Земјоделски факултет – Нови Сад, Република Србија, и вонр. проф. д-р Јелена Чукановиќ, вонреден професор на Универзитетот во Нови Сад, Земјоделски факултет – Нови Сад, Република Србија.

Во согласност со член 36 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, овој реферат е напишан на македонски јазик, бидејќи членовите на Рецензентската комисија од странскиот универзитет од Република Србија го познаваат македонскиот јазик и го потврдуваат/заверуваат со својот потпис.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

### И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научната област *пејзажна архитектура* (4.01.06.01), во предвидениот рок се пријави ас. д-р Викторија Брндевска Стипановиќ од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“.

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката ас. д-р Викторија Брндевска Стипановиќ е родена на 26 октомври 1979 година, во Штип. Средно образование, природно-математичка гимназија, завршила во Берово. Со високо образование се стекнала на Шумарскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, каде што се запишала во учебната 1998/1999 година, на насоката Озеленување и унапредување на работната и животната средина. Во 2003 година дипломирала со среден успех на студии 8,80. Истата година е демонстратор по предметот Ботаника со физиологија на растенијата на Шумарскиот факултет во Скопје.

Во учебната 2009/2010 година се запишала на втор циклус (магистерски) студии на Шумарскиот факултет во Скопје, на студиската програма Озеленување и унапредување на животната средина. Студиите ги завршила со просечен успех 10,00. Со академско звање – магистер по шумарски науки се стекнала на 18.12.2012 година со јавна одбрана на завршниот труд под наслов: „Живите огради како елемент од пејзажното дизајнирање околу јавните и индивидуалните објекти во населбите Тафталиџе 1, Карпош 3 и Злокуќани во Скопје“.

Во 2018/2019 и 2019/2020 година, како надворешен стручен соработник на Катедрата за проектирање и подигање на зелени површини при Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“, активно учествувала во изведувањето на практичниот дел од наставата.

Од 2020 година, па сè до денес, работи како асистент на Катедрата за проектирање и подигање на зелени површини на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Билтен на

Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, бр. 1213 од 15.4.2020 година, стр. 200-203), со последен избор за асистент во 2023 година (Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, бр. 1280, од 15.3.2023 година, стр. 312-316). Притоа активно и успешно ги извршува сите обврски што се предвидени за работното место, несебично вложувајќи се во активностите поврзани со промовирање и унапредување на студиската програма Пејзажна архитектура и на Факултетот воопшто.

Во учебната 2020/2021 година (од 30.10.2020 година) се запишала на докторски студии на Земјоделскиот факултет при Универзитетот во Нови Сад (Пољопривредни факултет, Универзитет у Новом Саду), во Република Србија, модул: Агрономија, група: Пејзажна архитектура. Докторската дисертација со наслов: „Валоризација на урбаните зелени простори низ примери на паркови во Скопје, Република Северна Македонија“ („Валоризација урбаних зелених простора кроз примере паркова у Скопљу, Република Северна Македонија“) ја одбранила на 1 август 2025 година, пред Комисија во состав: вонр. проф. д-р Емина Младеновиќ, претседател, проф. д-р Саша Орловиќ, член (ментор), вонр. проф. д-р Јелена Чукановиќ, член, доц. д-р Лазар Павловиќ, член, сите досега наброени од Земјоделскиот факултет при Универзитетот во Нови Сад (Пољопривредни факултет, Универзитет у Новом Саду) и проф. д-р Влатко Андоновски, член, од Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на науки – биотехнички науки од научната област *пејзажна архитектура* (4.01.06.01), согласно со Класификацијата на научноистражувачките подрачја, полиња и области (меѓународната Фраскатиева класификација) од 2024 година.

Кандидатката има познавање на англиски јазик, ниво Б2, според Европската јазична рамка на Советот за Европа (CEFR), издадено од Деканатот на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, на 26.9.2025 година. Рутински се служи со научна литература и е активна во пишување на научни и стручни публикации на англиски јазик. Активно ги познава и српскиот и хрватскиот јазик, делумно бугарскиот, а во рамките на научноистражувачката дејност се служи и со латинскиот јазик. Одлично се користи со современите компјутерски вештини: MS Office, Internet, QGIS Софтвер, Realtime Landscaping Architect (професионален софтвер за пејзажно дизајнирање).

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

**<u>Наставно-образовна дејност</u>**

Во рамките на наставно-образовната дејност на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“, кандидатката ас. д-р Викторија Брндевска Стипановиќ изведува вежби, односно е ангажирана како асистент на прв циклус студии за предметните програми: Дизајнирање на паркови и зелени површини, Парковска архитектура, Историја на парковска уметност, Пејзаж и дизајн на зелени површини, Бонсаи и минијатурни градини, Дизајнирање на градини, Урбано зеленило и Перени и едногодишни растенија од учебната 2020/2021 година до сега. Исто така, била ангажирана и на вториот циклус студии за предметните програми: Парковска архитектура 2 и Планирање и проектирање на зелени површини за учебната 2022/2023 година. Дополнително, кандидатката била ангажиран за изведување на вежби на предметот Основи на урбанизам во учебните 2021/2022, 2022/2023 и 2023/2024 година.

Досегашната ангажираност на кандидатката ас. д-р Викторија Брндевска Стипановиќ, како асистент на Катедрата за проектирање и подигање на зелени површини, се огледа во наставата изведувана на завидно педагошко рамниште, со трудољубивост и целосна посветеност кон студентите и истражувањата, како и со солидна подготовка и презентација на

наставната материја, притоа користејќи ги стекнатите искуства во научноистражувачката и стручно-применувачката работа. Автор е на пакет материјали за вежби по предметот Дизајнирање на паркови и зелени површини, спакувани во форма на интерна скрипта за вежби.

Ас. д-р Викторија Брндевска Стипановиќ активно учествувала како предавач во две работилници за урбаното шумарство како дел од студиските програми во рамки на меѓуфакултетската соработка со Универзитетот за применети науки во Берн, Факултет за земјоделски, шумарски и науки за храна, Швајцарија, како и во една работилница како активен учесник/предавач на тема поврзана со студиската програма Пејзажно дизајнирање на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“, во соработка со Универзитетот за земјоделски науки НОДАИ во Токио, Јапонија. Исто така, таа е еден од едукаторите/предавачи на Обуката за вработените на ЈП „Паркови и зеленило“ – „Садење, одгледување и одржување на садници од видови отпорни на климатските промени во зелените површини“, како и на тренинг-работилницата „Поголема вклученост на биолошката разновидност во просторното планирање на РС Македонија“.

Конкретните активности се наведени во табелата во Образец 2, според Анекс 1 (член 2) од Правилникот за избор во звања, со датуми и други релевантни податоци.

**<u>Научноистражувачка дејност</u>**

Ас. д-р Викторија Брндевска Стипановиќ има објавено вкупно десет научни трудови од соодветната и од сродните области. Четири од нив се објавени во научни списанија кои имаат импакт-фактор. На два од нив е прв автор: 1) Brndevska Stipanović V, Andonovski V, Orlović S, 2025. Diversity of woody plants in urban parks of Skopje, North Macedonia. sumlist. 2025; 149(9-10). https://doi.org/10.31298/sl.149.9-10.3 (импакт-фактор 0,4) и 2) Brndevska Stipanović V, Čukanović J, Andonovski V, Minchev I, Orlović S, 2025. The Importance of Urban Planning and Landscape Design in the Process of Creating ‘Great Places’ for Citizens - Case study of Park Macedonia 1. South-east Eur for 16(2): early view. https://doi.org/10.15177/seefor.25-13 (импакт-фактор 0,6), а на останатите два е коавтор: 1) Dimitrova A, Brndevska Stipanović V, Kolevska DD, 2023. Collection of Experiences: 25 Years’ Work on Seed Propagation of Allochthonous Woody Plants in Skopje and Their Possible Role in the Urban Landscape. South-east Eur for 14(1): 53-67. https://doi.org/10.15177/seefor.23-09 (импакт фактор 0,7) и 2) Krigas N, Karapatzak E, Panagiotidou M, Sarropoulou V, Samartza I, Karydas A, Damianidis C. K, Najdovski B, Teofilovski A, Mandzukovski D, Brndevska Stipanović V, Papanastasi K, Kapagianni D. P, Fotakis D, Grigoriadou K, Tsoktouridis G, Andonovski V, Maloupa E: Prioritizing Plants around the Cross-Border Area of Greece and the Republic of North Macedonia: Integrated Conservation Actions and Sustainable Exploitation Potential. Diversity 2022, 14(7), p.570. https://doi.org/10.3390/d14070570. (This article belongs to the Special Issue Plant Germplasm Genetic Integrity). Project: “Improving the conservation of the priority plants in the cross-border area” - Conse-pp. (импакт-фактор 2,4).

Исто така, прв автор е и на два труда со оригинални научни резултати, објавени во научно списание во кое трудовите подлежат на рецензија и е индексирано во најмалку една електронска база: 1) Brndevska Stipanović V, Andonovski V, 2024. Eco-Roundabouts: Assessing and Amplifying Environmental Benefits in Skopje’s Urban Green Infrastructure. Forest science. Special issue, 2024. Institute for Forestry, Sofia. p. 121-136. https://naukazagorata.com.table-of-contents/2021-2030/2024-2/ и 2) Stipanović Brndevska V, Čukanović, J., Orlović S, Atanasovska Rizovska J, Andonovski V & Simovski B, 2022. Linear Greenery in Urban Areas and Green Corridors Case Study: Blvd. Bosnia and Herzegovina and Blvd. Hristijan Todorovski Karposh, Skopje, North Macedonia. Contemporary Agriculture, 71(3–4), 212–221. https://doi.org/10.2478/contagri-2022-0028 ISSN 2466-4774 (Online).

Има објавено еден труд со оригинални научни резултати, во научно списание во кое трудовите подлежат на рецензија и има меѓународен уредувачки одбор, како и три труда во зборници на трудови од научен собир.

Кандидатката активно учествувала во повеќе меѓународни научни и стручни собири како автор/коавтор. Има шест постерски презентации, две усни презентации и седум апстракти објавени во зборници на меѓународни конференции.

Исто така, има реализирано едно секциско предавање на тема „Урбаното зеленило во Скопје и неговата состојба“, на научен/стручен собир со меѓународно учество на работилница во Нови Сад, Република Србија, на покана од Институтот за низијско шумарство во Нови Сад.

Кандидатката ас. д-р Викторија Брндевска Стипановиќ е раководител на еден национален научен проект кој е финансиран од интегративните средства на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје со наслов: „Биодиверзитет на урбаната дендрофлора во Скопје“, од којшто досега е произлезен еден труд објавен во списание со импакт-фактор: Brndevska Stipanović V, Andonovski V, Orlović S, 2025. Diversity of woody plants in urban parks of Skopje, North Macedonia. sumlist. 2025; 149(9-10). https://doi.org/10.31298/sl.149.9-10.3 (импакт фактор 0,4).

Учесник е уште во два меѓународни проекта: FruitDiv – Exploiting the untapped potential of fruit tree wild diversity for sustainable agriculture („Искористување на неискористениот потенцијал на дивата разноврсност на овошните дрвја за одржливо земјоделство“) и SOL-NA (Nature based solutions for prevention and mitigation of nature disasters in the cross-border area), Interreg-IPA CBC („Решенија базирани на природата за превенција и ублажување на природни катастрофи во прекуграничната област“).

Називите на трудовите, проектите и останатите активности се наведени во табела во Образец 2, според Анекс 1 (член 3) од Правилникот за избор во звања, со датуми и други релевантни податоци.

**<u>Стручно-применувачка дејност и дејност од поширок интерес</u>**

Кандидатката ас. д-р Викторија Брндевска Стипановиќ остварила експертски активности самостојно и како соработник во рамките на повеќебројни проекти како што се: „Nature-Based Solutions for Advancing Climate Mitigation of City of Skopje“, „Управување со пожари на ниво на предел во Западен Балкан“, „Граѓански активизам за остварување на циркуларна економија во управувањето со органски отпад“, „Повеќе зеленило за отпорно Скопје“, „Воведување биокомпостирање во Општина Гази Баба“ и др. За истакнување е учеството како ментор на студентите од Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ на проектот во рамките на ИКСА-програмата при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје: „Сули-ан во ново зелено руво“ – Пејзажно дизајнирање и хортикултурно уредување на дворното место на Факултетот за ликовни уметности, објект: Сули-ан.

Кандидатката ас. д-р Викторија Брндевска Стипановиќ е автор/коавтор/надворешен соработник на повеќе идејни проекти, прирачници и други публикации од кои за истакнување се: Курикулумот со наслов: „Во пресрет на климатските промени“, наменет за вработените на ЈП „Паркови и зеленило“ за садење, одгледување и одржување на садници од видови отпорни на климатските промени во зелените површини (коавтор), „Прирачникот за постигнување поголема вклученост на биолошката разновидност во просторното планирање во Република Северна Македонија“ (коавтор), како и секторската студија: „Зеленило, спорт и рекреација“ (надворешен соработник).

Кандидатката покажува голема активност во промотивните активности на Факултетот со вклученост во повеќе од триесет настани, со активно учество, преку презентации и предавања на актуелни теми од областа на пејзажната архитектура. Освен тоа, кандидатката покажува активност и во дејностите од поширок интерес со јавни настапи, како автор и говорник на јавни медиуми, учесник во панел дискусија и сл.

Ас. д-р Викторија Брндевска Стипановиќ е учесник во изготвување и пријавување на два научни/образовни национални проекта, со кои аплицирал Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“.

Кандидатката ас. д-р Викторија Брндевска Стипановиќ активно е вклучена како член во работата на бројни комисии на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и

екоинженеринг „Ханс Ем“, а член и во составот на Центарот за кариера при Факултетот. Исто така, таа е член на Меѓународниот уредувачки одбор на научното списание „Шумарски преглед“ за периодот од 2021 до 2025 година, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“, а била член и на Организациониот одбор на Меѓународната научна конференција организирана по повод 75 години од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, „Better Forestry, for Better Forests, for a Better Planet“.

Кандидатката била технички уредник и член на Уредувачкиот одбор за изработка на монографијата под наслов „75 години Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ (1947 – 2022 г.)“.

Конкретните активности со сите релевантни податоци се наведени во табелата во Образец 2, според Анекс 1 (член 5) од Правилникот за избор во звања, со датуми и други релевантни податоци.

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатката ас. д-р Викторија Брндевска Стипановиќ, во Извештајот за самоевалуација за периодот 2023 – 2024 година, доби позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-применувачката дејност, како и дејноста од поширок интерес на ас. д-р Викторија Брндевска Стипановиќ.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката, Комисијата заклучи дека ас. д-р Викторија Брндевска Стипановиќ поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето доцент во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научната област *пејзажна архитектура* (4.01.06.01).

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ас. д-р Викторија Брндевска Стипановиќ да биде избрана во звањето **доцент** во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научната област *пејзажна архитектура* (4.01.06.01).

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Влатко Андоновски, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Саша Орловиќ, член, с.р.**
**Вонр. проф. д-р Јелена Чукановиќ, член, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:**

**Викторија Ефтим Брндевска Стипановиќ**

**Институција:**

Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“

**Научна област:**

пејзажна архитектура (4.01.06.01)

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ДОЦЕНТ**

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус *<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 8,80.<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 10,00.<br>Просечниот успех изнесува 9,40 за интегрираните студии. | Да |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br><br>Назив на научната област: пејзажна архитектура (4.01.06.01) | Да |
| 3 | Објавени најмалку четири научни труда** во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | Да |
| 3.1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br><br>1. Назив на научното списание: Šumarski list<br>2. Назив на електронската база на списанија: Science Citation Index Expanded, CAB Abstracts, Forestry Abstracts, Agricola, Pascal, Ge base, Scopus, Portal of scientific journal of Croatia (Hrčak) et al.<br>3. Наслов на трудот: Diversity of woody plants in urban parks of Skopje, North Macedonia<br>4. Година на објава: 2025 г.<br><br>1. Назив на научното списание: SEEFOR (South-east European forestry)<br>2. Назив на електронската база на списанија: CAB Abstracts, DOAJ, Web of Science Core Collection (ESCI), Google Scholar, Scopus (Elsevier)<br>3. Наслов на трудот: The Importance of Urban Planning and Landscape Design in the Process of Creating ‘Great Places’ for Citizens - Case study of Park Macedonia 1<br>4. Година на објава: 2025 г. | |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 1. Назив на научното списание: SEEFOR (South-east European forestry)<br>2. Назив на електронската база на списанија: CAB Abstracts, DOAJ, Web of Science Core Collection (ESCI), Google Scholar, Scopus (Elsevier)<br>3. Наслов на трудот: 25 Years’ Work on Seed Propagation of Allochthonous Woody Plants in Skopje and Their Possible Role in the Urban Landscape<br>4. Година на објава: 2023 г.<br><br>1. Назив на научното списание: Diversity<br>2. Назив на електронската база на списанија: Scopus, SCIE (Web of Science), PubAg, GEOBASE, CAPlus / SciFinder и др.<br>3. Наслов на трудот: Prioritizing Plants around the Cross-Border Area of Greece and the Republic of North Macedonia: Integrated Conservation Actions and Sustainable Exploitation Potential<br>4. Година на објава: 2022 г. | |
| 3.2 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови<br><br>1. Назив на научното списание:<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји):<br>3. Наслов на трудот:<br>4. Година на објава: | |
| 3.3 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД<br><br>1. Назив на научното списание: _________<br>2. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД________<br>3. Наслов на трудот: _____________<br>4. Година на објава: _____________ | |
| 3.4 | Книга или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД<br>1. Наслов на книгата: _________<br>2. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД________<br>3. Издавач, година и место на издавање/објавување: _________ | |
| 3.5 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји<br><br>1. Назив на зборникот: _______<br>2. Назив на меѓународниот собир: ____________<br>3. Имиња на земјите: _________<br>4. Наслов на трудот: _____________<br>5. Година на објава: _____________ | |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 3.6 | Преводи на капитални дела во области кои ги утврдува Националниот совет за високо образование и научноистражувачка дејност<br><br>1. Наслов на преведеното капитално дело: _______<br>2. Година на објава: _____________<br>3. Издавач, место на издавање и година: _______ | |
| 4 | Познавање на најмалку еден странски јазик, определен со општ акт на Универзитетот, односно на самостојната висока стручна школа<br><br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот: Уверение бр. 03-1907/2 од 26.9.2025 г. за познавање на англискиот јазик кое одговара на ниво Б2 според Европската јазична рамка на Советот на Европа (CEFR)<br>3. Издавач на документот: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје<br>4. Датум на издавање на документот: 26.9.2025 година | Да |
| 5 | Има способност за изведување на високообразовна дејност (лекарско уверение од 24.10.2025 г.) | Да |

* На лицата кои имаат засснован работен однос на Универзитетот или на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018), нема да се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат на просекот, односно дека лицата треба да имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус. Во овој случај, полето под реден број 1 не се пополнува.

** За кандидатот/ите кој има повеќе од 4 (четири) научни труда во референтна научна публикација, рецензентската комисија научните труда ќе ги наведе, ќе ги оцени и ќе ги вреднува во Образец 2.

**ЧЛЕНОВИ НА РЕЦЕНЗЕНТСКАТА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Влатко Андоновски, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Саша Орловиќ, член, с.р.**
**Вонр. проф. д-р Јелена Чукановиќ, член, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 2
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

**Кандидат: Викторија Ефтим Брндевска Стипановиќ**
**Институција: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје,**
**Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“**
**Научна област: пејзажна архитектура (4.01.06.01)**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | **Одржување на вежби (аудиториски), прв циклус студии (Одлука бр.02-270/4 од 19.8.2020 г., Одлука бр.02-299/6 од 14.9.2021 г., Одлука бр.02-339/5 од 14.9.2022 г., Одлука бр.02-316/8 од 26.9.2023 г., Одлука бр.02-278/6 од 23.9.2024 г.)** | |
| 1 | Дизајнирање на паркови и зелени површини (3+2), вежби, зимски семестар 2020/2021 г. | 0,9 |
| 2 | Парковска архитектура (3+2), вежби, зимски семестар 2020/2021 г. | 0,9 |
| 3 | Историја на парковска уметност (3+2), вежби, зимски семестар 2020/2021 г. | 0,9 |
| 4 | Пејзаж и дизајн на зелени површини (3+2), вежби, летен семестар 2020/2021 г. | 0,9 |
| 5 | Бонсаи и минијатурни градини (2+2), вежби, зимски семестар 2020/2021 г. | 0,9 |
| 6 | Дизајнирање на градини (3+2), вежби, летен семестар 2020/2021 г. | 0,9 |
| 7 | Урбано зеленило (2+1), вежби, летен семестар 2020/2021 г. | 0,45 |
| 8 | Перени и едногодишни растенија (3+2), вежби, летен семестар 2020/2021 г. | 0,9 |
| 9 | Дизајнирање на паркови и зелени површини (3+2), вежби, зимски семестар 2021/2022 г. | 0,9 |
| 10 | Парковска архитектура (3+2), вежби, зимски семестар 2021/2022 г. | 0,9 |
| 11 | Историја на парковска уметност (3+2), вежби, зимски семестар 2021/2022 г. | 0,9 |
| 12 | Пејзаж и дизајн на зелени површини (3+2), вежби, летен семестар 2021/2022 г. | 0,9 |
| 13 | Бонсаи и минијатурни градини (2+2), вежби, зимски семестар 2021/2022 г. | 0,9 |
| 14 | Дизајнирање на градини (3+2), вежби, летен семестар 2021/2022 г. | 0,9 |
| 15 | Урбано зеленило (2+1), вежби, летен семестар 2021/2022 г. | 0,45 |
| 16 | Перени и едногодишни растенија (3+2), вежби, летен семестар 2021/2022 г. | 0,9 |
| 17 | Дизајнирање на паркови и зелени површини (3+2), вежби, зимски семестар 2022/2023 г. | 0,9 |
| 18 | Парковска архитектура (3+2), вежби, зимски семестар 2022/2023 г. | 0,9 |
| 19 | Историја на парковска уметност (3+2), вежби, зимски семестар 2022/2023 г. | 0,9 |
| 20 | Пејзаж и дизајн на зелени површини (3+2), вежби, летен семестар 2022/2023 г. | 0,9 |
| 21 | Бонсаи и минијатурни градини (2+2), вежби, зимски семестар 2022/2023 г. | 0,9 |
| 22 | Дизајнирање на градини (3+2), вежби, летен семестар 2022/2023 г. | 0,9 |
| 23 | Урбано зеленило (2+1), вежби, летен семестар 2022/2023 г. | 0,45 |
| 24 | Перени и едногодишни растенија (3+2), вежби, летен семестар 2022/2023 г. | 0,9 |
| 25 | Дизајнирање на паркови и зелени површини (3+2), вежби, зимски семестар 2023/2024 г. | 0,9 |
| 26 | Парковска архитектура (3+2), вежби, зимски семестар 2023/2024 г. | 0,9 |
| 27 | Историја на парковска уметност (3+2), вежби, зимски семестар 2023/2024 г. | 0,9 |
| 28 | Пејзаж и дизајн на зелени површини (3+2), вежби, летен семестар 2022/2023 г. | 0,9 |
| 29 | Бонсаи и минијатурни градини (2+2), вежби, зимски семестар 2023/2024 г. | 0,9 |
| 30 | Дизајнирање на градини (3+2), вежби, летен семестар 2023/2024 г. | 0,9 |
| 31 | Урбано зеленило (2+1), вежби, летен семестар 2023/2024 г. | 0,45 |

| | | |
|---|---|---|
| 32 | Перени и едногодишни растенија (3+2), вежби, летен семестар 2023/2024 г. | 0,9 |
| 33 | Дизајнирање на паркови и зелени површини (3+2), вежби, зимски семестар 2024/2025 г. | 0,9 |
| 34 | Парковска архитектура (3+2), вежби, зимски семестар 2024/2025 г. | 0,9 |
| 35 | Историја на парковска уметност (3+2), вежби, зимски семестар 2024/2025 г. | 0,9 |
| 36 | Пејзаж и дизајн на зелени површини (3+2), вежби, летен семестар 2024/2025 г. | 0,9 |
| 37 | Бонсаи и минијатурни градини (2+2), вежби, зимски семестар 2024/2025 г. | 0,9 |
| 38 | Дизајнирање на градини (3+2), вежби, летен семестар 2024/2025 г. | 0,9 |
| 39 | Урбано зеленило (2+1), вежби, летен семестар 2024/2025 г. | 0,45 |
| 40 | Перени и едногодишни растенија (3+2), вежби, летен семестар 2024/2025 г. | 0,9 |
| 41 | Основи на урбанизам (2+2), вежби, зимски семестар 2021/2022 г. (Одлука бр. 02-416/2 од 2.12.2021 г.) | 0,9 |
| 42 | Основи на урбанизам (2+2), вежби, зимски семестар 2022/2023 г. (Одлука бр. 02-364/5 од 27.9.2022 г.) | 0,9 |
| 43 | Основи на урбанизам (2+2), вежби, зимски семестар 2023/2024 г. (Одлука бр. 02-326/6 од 29.9.2023 г.) | 0,9 |
| | **Одржување на вежби (аудиториски), втор циклус студии 2022/2023 (Одлука бр. 02-339/6 од 14.9.2022 г.)** | |
| 44 | Парковска архитектура 2, вежби, 2022/2023 г. | 0,9 |
| 45 | Планирање и проектирање на зелени површини, вежби, 2022/2023 г. | 0,9 |
| 46 | Одбрани поглавја од цвеќарството 2022/2023 г. | 0,9 |
| | **Консултации со студенти, прв циклус студии (Одлука бр.02-270/4 од 19.8.2020 г., Одлука бр.02-299/6 од 14.9.2021 г., Одлука бр.02-339/5 од 14.9.2022 г., Одлука бр. 02-316/8 од 26.9.2023 г., Одлука бр.02-278/6 од 23.9.2024 г.)** | |
| 47 | Дизајнирање на паркови и зелени површини, консултации, 13 студенти, зимски семестар 2020/2021 г. | 0,026 |
| 48 | Парковска архитектура, консултации, 7 студенти, зимски семестар 2020/2021 г. | 0,014 |
| 49 | Историја на парковска уметност, консултации, 23 студенти, зимски семестар 2020/2021 г. | 0,046 |
| 50 | Пејзаж и дизајн на зелени површини, консултации, 7 студенти, летен семестар 2020/2021 г. | 0,014 |
| 51 | Бонсаи и минијатурни градини, консултации, 14 студенти, зимски семестар 2020/2021 г. | 0,028 |
| 52 | Дизајнирање на градини, консултации, 7 студенти, летен семестар 2020/2021 г. | 0,014 |
| 53 | Урбано зеленило, консултации, 7 студенти, летен семестар 2020/2021 г. | 0,014 |
| 54 | Перени и едногодишни растенија, консултации, 5 студенти, летен семестар 2020/2021 г. | 0,01 |
| 55 | Дизајнирање на паркови и зелени површини, консултации, 7 студенти, зимски семестар 2021/2022 г. | 0,014 |
| 56 | Парковска архитектура, консултации, 10 студенти, зимски семестар 2021/2022 г. | 0,02 |
| 57 | Историја на парковска уметност, консултации, 11 студенти, зимски семестар 2021/2022 г. | 0,022 |
| 58 | Пејзаж и дизајн на зелени површини, консултации, 5 студенти, летен семестар 2021/2022 г. | 0,01 |
| 59 | Бонсаи и минијатурни градини, консултации, 15 студенти, зимски семестар 2021/2022 г. | 0,03 |
| 60 | Дизајнирање на градини, консултации, 5 студенти, летен семестар 2021/2022 г. | 0,01 |
| 61 | Урбано зеленило, консултации, 6 студенти, летен семестар 2021/2022 г. | 0,012 |
| 62 | Перени и едногодишни растенија, консултации, 4 студенти, летен семестар 2021/2022 г. | 0,008 |

| | | |
|---|---|---|
| 63 | Дизајнирање на паркови и зелени површини, консултации, 8 студенти, зимски семестар 2022/2023 г. | 0,016 |
| 64 | Парковска архитектура, консултации, 3 студенти, зимски семестар 2022/2023 г. | 0,006 |
| 65 | Историја на парковска уметност, консултации, 1 студент, зимски семестар 2022/2023 г. | 0,002 |
| 66 | Бонсаи и минијатурни градини, консултации, 4 студенти, зимски семестар 2022/2023 г. | 0,008 |
| 67 | Урбано зеленило, консултации, 6 студенти, летен семестар 2022/2023 г. | 0,012 |
| 68 | Перени и едногодишни растенија, консултации, 12 студенти, летен семестар 2022/2023 г. | 0,024 |
| 69 | Дизајнирање на паркови и зелени површини, консултации, 3 студенти, зимски семестар 2023/2024 г. | 0,006 |
| 70 | Парковска архитектура, консултации, 10 студенти, зимски семестар 2023/2024 г. | 0,02 |
| 71 | Историја на парковска уметност, консултации, 8 студенти, зимски семестар 2023/2024 г. | 0,016 |
| 72 | Пејзаж и дизајн на зелени површини, консултации, 7 студенти, летен семестар 2023/2024 г. | 0,014 |
| 73 | Бонсаи и минијатурни градини, консултации, 8 студенти, зимски семестар 2023/2024 г. | 0,016 |
| 74 | Дизајнирање на градини, консултации, 7 студенти, летен семестар 2023/2024 г. | 0,014 |
| 75 | Урбано зеленило, консултации, 7 студенти, летен семестар 2023/2024 г. | 0,014 |
| 76 | Перени и едногодишни растенија, консултации, 9 студенти, летен семестар 2023/2024 г. | 0,018 |
| 77 | Дизајнирање на паркови и зелени површини, консултации, 7 студенти, зимски семестар 2024/2025 г. | 0,014 |
| 78 | Парковска архитектура, консултации, 4 студенти, зимски семестар 2024/2025 г. | 0,008 |
| 79 | Историја на парковска уметност, консултации, 5 студенти, зимски семестар 2024/2025 г. | 0,01 |
| 80 | Пејзаж и дизајн на зелени површини, консултации, 5 студенти, летен семестар 2024/2025 г. | 0,01 |
| 81 | Бонсаи и минијатурни градини, консултации, 12 студенти, зимски семестар 2024/2025 г. | 0,024 |
| 82 | Дизајнирање на градини, консултации, 5 студенти, летен семестар 2024/2025 г. | 0,01 |
| 83 | Урбано зеленило, консултации, 3 студенти, летен семестар 2024/2025 г. | 0,006 |
| 84 | Перени и едногодишни растенија, консултации, 5 студенти, летен семестар 2024/2025 г. | 0,01 |
| 85 | Основи на урбанизам, консултации, 3 студенти, зимски семестар 2021/2022 г. (Одлука бр. 02-416/2 од 2.12.2021 г.) | 0,006 |
| 86 | Основи на урбанизам, консултации, 13 студенти, зимски семестар 2022/2023 г. (Одлука бр. 02-364/5 од 27.9.2022 г.) | 0,026 |
| 87 | Основи на урбанизам, консултации, 6 студенти, зимски семестар 2023/2024 г. (Одлука бр. 02 – 326/6 од 29.9.2023 г.) | 0,012 |
| | **Консултации со студенти, втор циклус студии (Одлука бр. 02-339/6 од 14.9.2022 г.)** | |
| 88 | Парковска архитектура 2, 1 студент, 2022/2023 г. | 0,002 |
| 89 | Планирање и проектирање на зелени површини, 1 студент, 2022/2023 г. | 0,002 |
| 90 | Одбрани поглавја од цвеќарството, 1 студент, 2022/2023 г. | 0,002 |
| | **Настава во школи и работилници** | |

| | | |
|---|---|---|
| 91 | Работилница/Обука за вработените на ЈП „Паркови и зеленило“ - „Садење, одгледување и одржување на садници од видови отпорни на климатските промени во зелените површини“.<br>(Предавачи/едукатори: проф. д-р Дана Дина Колевска и ас. м-р Викторија Брндевска Стипановиќ).<br>Обуката е дел од активностите реализирани во рамките на проектот „Повеќе зеленило за отпорно Скопје“ на Здружението за еколошко одржлив развој „ЗЕЛЕН ИНСТИТУТ“ од Скопје. (Договор склучен на 18.5.2023 г.).<br>Настан организиран на 22.9.2023 г. во просториите на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ во Скопје.<br>Позиција: учесник/предавач. | 1 |
